Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

101 година

Број 531 | www.mchamber.mk | 15.9.2023




# ЕУ ИНТЕГРАЦИЈАТА – ЕДИНСТВЕНИОТ НАШ ПАТ ЗА ПОНАТАМОШЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

21.09.2023, Семинар
ВИДОВИ НА ДОГОВОРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, РАБОТНИ ДОЗВОЛИ ЗА СТРАНЦИ, ИСПРАЌАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО, ПСИХИЧКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО СО СУДСКА ЗАШТИТА, ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА, ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТНИКОТ

21.09.2023, Конференција
Б2Б средби меѓу македонските и чешките компании од сектор за енергетика, автомобилска индустрија, агрибизнис, винска индустрија и градежниот сектор”, 21-22 септември, Прага, Република Чешка

25.09.2023, Конференција
ВОДЕЊЕ БИЗНИС СО ЕУ – КАКО ДА СЕ ПОСТИГНЕ ПОИНТЕНЗИВНА ТРГОВСКА СОРАБОТКА МЕЃУ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ПОЛСКА

26.09.2023, Семинар
Специјалистички еднодневен семинар: X ФАКТОР ВО ПРОДАЖБА - КОНЦЕПТ НА ОДРЖЛИВА ПРОДАЖБА -
27.09.2023, Семинар
ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ВО КАНЦЕЛАРИСКОТО И АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ ПРИ ЗАВЕДУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТОДАВАЧ, СПОГОДБЕНИ РАСКИНУВАЊА НА ДОГОВОРИ ЗА РАБОТА, ОТКАЗ ОД СТРАНА НА ВРАБОТЕН ПРЕКУ ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ

27.09.2023, Семинар
БЕСПЛАТНО ПРЕДАВАЊЕ НА ТЕМА:ПРИДОБИВКИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО ЕДЕН ОД НАЈЕФИКАСНИТЕ НАЧИНИ НА АЛТЕРНАТИВНОТО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

GRANIT, EVN, vitaminka, T, IGM trade, Gulf, МЕПСО, NLB Banka, ПЕКАБЕСКО, КОЖУВЧАНКА, nextsense, MERMEREN Kombinat

СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, HALKBANK, Duna, Comodita, seavus

СИЛВЕР Покровители

SOCOTAB, Swisslion, COLENCO, Vezeshari, AllianceOne






Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# БИЗНИСОТ БАРА ИЗВОЗОТ ДА БИДЕ СТРАТЕГИСКИ ПОДДРЖАН ЗА ДА ИМА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА




Пред извозните компании од Полошкиот регион (Тетово, Гостивар, Маврово и Ростуше) Стопанската комора на Северна Македонија ги презентираа можностите за поддршка кои Комората преку проектот: „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", во партнерство со Американската агенција за меѓународен развој, ги нуди на извозните компании.

Во рамки на настанот, професорот Дарко Лазаров, главен експерт ги презентираше финалните резултати од анализата за идентификување на извозните потенцијали и можности на македонската економија што е изработена во рамки на проектот. Тој укажа дека анализата ќе им помогне на македонските извозни компании во нивните напори за зголемување на извозот на веќе постоечките извозни производи на сегашните извозни пазари, но и во напорите за проширување на извозната активност со освојување на нови извозни пазари. Професорот Лазаров ја претстави анализата на 15 селектирани извозни производи од Полошкиот регион и додаде дека преку анализата ќе се обезбедат корисни информации на македонските компании и за можностите кои им стојат на располагање за отпочнување на производство и извоз на нови производи за кои имаат потенцијални компаративни предности.

Пред присутните компании беа најавени и четирите повици за поддршка на извозно ориентираните компании во процесот на градење на нивните извозни капацитети кои се веќе објавени на Коморскиот веб сајт на следниот линк: https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=2&htmlid=921&lng=1.

Повиците опфаќаат директна помош на компаниите преку развој на Стратегии/Планови за извоз на пазарите; дигитална трансформација; имплементација на меѓународни стандарди за квалитет и циркуларна економија; техничка помош за пристап до финансии, за кои избраните компании ќе имат техничка поддршка од страна на консултанти кои се експерти во дадената област.

Компаниите од Полошкиот регион пројавија особен интерес за актуелните повици и со своите предлози развија дискусија за сите проблеми и предизвици со кои се соочуваат при настап на странски пазари, теми кои ќе бидат основа за презентирање во рамки на јавно-приватниот дијалог кој ќе се развива преку Националниот совет за извоз, кој Стопанската комора на Северна Македонија го формираше во периодот од првата проектна година, како советодавно тело за поддршка и промоција на домашните извозни компании со цел зголемување на конкурентноста и градење на системски пристап на регионалните и меѓународните пазари.

Проектот кој се имплементира три години е на прагот на својата втора година од реализација на зацртаните активности, а досега е спроведено и успешно завршено следното:

- Поддржани 5 компании со изработени апликации за пристап до финансии за 2 компании веќе се обезбедени грантови во износ над 150.000 евра;
- Поддржани 3 компании во поттикнување на дигитална трансформација;
- Поддржани 4 компании во подготовка за имплементирање на меѓународни стандарди;
- Поддржани 5 компании во подготовка на Стратегии за извозни пазари;
- Учество на 9 компании на 2 меѓународни саемски манифестации во Италија и Словенија и
- Деловни средби помеѓу повеќе од 80 компании од регионот на Западен Балкан
- Испорачани се Анализа за извозните потенцијали и во тек е изработката на Студија за мапирање на регионалниот трговски и инвестициски потенцијал и кои се основа за реализација и на други активности до крајот на проектот.

Генерална цел на проектот е да се постигне подобрување на регионалната и меѓународната деловна соработка на македонските компании со пазарите на Западен Балкан и Европската Унија од една страна, како и зголемување на конкурентноста на извозно ориентираните компании и нивна интеграција во регионални и глобални синџири на вредност.



# ЕУ интеграцијата – единствениот наш пат за понатамошен економски развој




Постепено отворање и вклучување на Северна Македонија на единствениот пазар на Европската унија под услови кои важат за земјите од ЕУ и постепеното отворање на Структурните фондови со што македонските компании ќе добијат дополнителен стимул за нови инвестиции и иновативни решенија во нивното планирање за развој, особено во делот на усогласување со принципите на Европската зелена агенда, се дел од приоритетите на Стопанската Комора на Северна Македонија што беа истакната на прес-конференцијата на тема „ЕУ интеграцијата –единствениот наш пат за понатамошен економски развој".

Јадранка Аризанковска, советник за ЕУ интеграции во кабинетот на претседателот на СКСМ нагласи дека Комората како претставник на бизнис секторот со особен интерес ги следи досегашните процеси на преговорите и ќе биде вклучена и во целиот процес на преговори кој ќе следи.

„Како Комора, врз база на барањето на ЕК, за креирање на дополнителни мерки и фондови за земјите од западен балкан, доставивме преку Секретаријатот за европски прашања и Коморскиот инвестициски форум барања до Европската комисија и ДГ НЕАР, барања за реализирање на одредени суштински предуслови за да може да се олесни но и финасиски поддржи процесот на прилагодување на македонските компании. Во тек е скрининг процесот кој е исто толку важен како и целиот тек на преговори бидејќи во рамки на претставувањето на државните институции што е досега сработено се дефинираат и рокови за она што треба да следи и да се реализира. Процесот на интеграција подразбира усогласување на економските системи, политики и регулативи со оние од Европската унија. Во рамки на тоа усогласување,

од шестте кластери дефинирани во преговарачката рамка пет се однесуваат на бизнисот и директна имлементација од страна на компаниите“, потенцираше Аризанковска.

Стопанската комора со свои стручни анализи и мислења во рамки на преговорите со ЕУ ќе се обиде да издејствува пролонгирање или да им се даде соодветно време за имплементација на одредени барања од регулативите за компаниите.

Во процесот на ЕУ интеграцијата се дефинираат приоритетите:

- Вклучување на Северна Македонија на единствениот пазарна Европската унија под услови кои важат за земјите од ЕУ и постепеното отварање на Структурните фондови.
- Дополнителна поддршка и јакнење на конкурентските предности на македонскиот бизнис сектор преку овозможување на техничка и финасиска поддршка и зголемување на регионалната поддршка преку ИПА фондовите особено во делот на усогласување со ЕУ регулативите и стандардите, зголемување на технолошките капацитети и набавки на нови 5г технологии, зголемување на извозните капацитети како и поддршка во воведување на нови процеси и технологи за создавање на производи со европски квалитет и стандарди кои без проблем ќе можат да се пласираат на пазарите на ЕУ.
- Дополнителна поддршка од ЕУ е неопходна и во делот на подобрување на инфраструктурата на земјата во сите сегменти. Фокус на изградба на инфраструктура што ќе значи иднина за македонската економија, а со поддршка на ЕУ ќе се стопираат/или нема да се одобруваат инвестициите во непродуктивни проекти.
- За полесен проток на стоки и услуги, а заради непречено вклучување на македонските компании на единствениот европски пазар, неопходно е дигитализирање на граничните премини како на регионот така и оние со ЕУ границите и меѓусебно адаптирање и признавање на сите документи, сертификати итн, неопходни за побрз проток на стоките.

Ирена Мојсовска, експерт во Центарот за проекти во Комората, зборуваше за важноста на проектот Европска мрежа на претприемачи, што го реализираКомората, а е финансиран од Европската комисија. Станува збор за најголема бизнис мрежа во светот која делува во земјите на Европската Унија и пошироко, во повеќе од 60 земји со кои соработува Европската Унија, со учество на повеќе од 600 локални партнерски организации како универзитети, стопански комори, агенции, фондации и здруженија, кои обезбедуваат информации и советувања за компаниите од областа на бизнисот, технологијата или науката.

„Главната мисија на Enterprise Europe Network/ Европска мрежа на претприемачи е да им помогне на малите и средни компании да ги искористат различните бизнис можности кои се во рамките на единствениот ЕУ пазар со давање информации и поддршка, особено со прашања поврзани за ЕУ регулативата и прописите, информации и совети за Европските стандарди



или во насока на промовирање на технологија, иновативен производ, услуги или техничка експертиза. Сите овие информации исто така може да се користат и од страна на поголемите компании, институти за истражување, универзитети, центри за технологии и агенции за развој на иновации. Овие услуги се бесплатни во рамките на бизнис мрежа“, истакна Мојсовска.

Пристапот до финансиските средства за ММСП е еден од клучните фактори кои ги наведуваат компаниите во Македонија и Западен Балкан како пречка за зголемен обем на економски активности и нивен раст и развој. Пристапот до финансии е клучен за добивање на обртен или долгорочен капитал за да ги одржат производствените процеси и остваруваат раст и развој, како и за инвестиции, иновации, креирање на работни места и имплементација на напредни техники и технологии.

„За да се поттикне развојот на приватниот сектор, финансиската поддршка од Европската Унија е насочена кон поддршка на микро, малите и средни претпријатија кон нивно усогласување со нормите и стандардите во ЕУ во областа на енергетска, транспортна и дигитална конетивност, одржливо земјоделие, биодиверзитет, шуми и вода, одржливи градови, човечки развој итн“, истакна Антонета Манова Ставреска.

Во моментот на располагање на македонските компании им се следниве кредитни линии со вкупен износ од околу 170 милиони евра и тоа:

- Кредитна линија од Европската Инвестициона Банка (ЕИБ) преку МБПР
- ЕБОР – линија за ММСП
- Кредитна линија од ЕБОР - Green Finance Facility
- EFSE – European Fund for Southeast Europe
- GGF – Green for Growth Fund (Зелено за раст фонд Фонд за зелен развој) преку KfW и EIB (Европска Инвестициона Банка)





**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Семинар 27.09.2023**

# ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ВО КАНЦЕЛАРИСКОТО И АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ ПРИ ЗАВЕДУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТОДАВАЧ, СПОГОДБЕНИ РАСКИНУВАЊА НА ДОГОВОРИ ЗА РАБОТА, ОТКАЗ ОД СТРАНА НА ВРАБОТЕН ПРЕКУ ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ

Целта на онлајн семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на заведување и постапување со барањата за отказ од страна на вработени и работодавачи, спогодбено одјавување на вработени од моментот на нивно создавање, креирање, селектирање, нивно предавање и чување во архива на целокупната документација која се создава во текот на работењето во институциите со почитување на законски рокови за евидентирање и уништување на истите.

Целна група за семинарот:

директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцелариското и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс“ со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 28.09.2023**

# СПРАВУВАЊЕ СО СТРЕС И АНКСИОЗНОСТ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Стресот и анксиозноста се неизбежени психолошки појави во работната средина. Добрата вест е дека стресот не е она што ни се случува, туку нашата реакција на она што ни се случува. Ова значи дека стресот и анксиозноста може да се превенираат, препознаат и контролираат.

Доколку менаџментот и вработените се под постојан стрес или анксиозност, тоа може да биде еден од главните фактори за неуспех на одредена фирма, како и директен фактор за проблеми со менталното здравје кај секој еден чинител на организацијата.

Стресот и анксиозноста имаат директно негативното влијание врз продуктивноста и ефикасноста на тимот. Затоа од големо значење е компаниите да ги препознаваат штетните ефекти на стресот врз сите свои членови, да ги негуваат меѓучовечките односи во тимот и правилно да управуваат со стресот во организацијата.

Треба да знаеме да препознаеме што влијае на појавата на стресот, како и да научиме како да се фокусираме на негово надминување на вистински начин и навремено. Оваа обука ги нуди знаењата, вештините, техниките и алатките потребни за ефективно превенирање, препознавање и менаџирање на стресот и анксиозноста..

Семинарот е наменет и за менаџментот и за сите вработени, а акцентот е ставен на стресните фактори специфични за организацијата.

ОБУЧУВАЧ:

м-р Николина Ивановска Котевска - професор по психологија, Гешталт советник, кариерен советник. Професионалец со повеќе од 15 години искуство во областа на човечки ресурси,предавач во повеќе Центри за обука и развој со над 100 одржани обуки и програми за професионален развој на преку 900 вработени од сите хиерархиски нивоа. Психолошки советник со секојдневна работа на индивидуално ниво со клиенти во областа на советувањето и психотерапијата како и професионалната ориентација.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

## СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

**101** *години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088